Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 02-7218/1
22 март 2012 година
Скопје

Министер,
**Миле Јанакиески**, с.р.

**ТАБЕЛА - 1**

| Наменска употреба на градежно земјиште во урбанистички планови донесени до 28 јуни 2006 година, која соодветствуваат со класите на намени дефинирани со овој Правилник | Основна класа на намена | Група на класи на намени |
|---|---|---|
| • СЕМЕЈНИ КУЌИ СО ГРАДИНИ, ИНДИВИДУАЛНО ДОМУВАЊЕ, СТАНОВАЊЕ, ВИЛНИ НАСЕЛБИ | А0 ДОМУВАЊЕ СО ПОСЕБЕН РЕЖИМ | А ДОМУВАЊЕ |
| • СЕМЕЈНИ КУЌИ СО ГРАДИНИ, ИНДИВИДУАЛНО ДОМУВАЊЕ, СТАНОВАЊЕ | А1 ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ | |
| • ВИКЕНД НАСЕЛБИ, ВИКЕНД ЗОНИ, ВИКЕНД КУЌИ | | |
| • ЗОНА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ДОМАЌИНСТВА, СЕЛСКИ СТОПАНСКИ ДВОРОВИ | | |
| • ИНДИВИДУАЛНО ДОМУВАЊЕ СО ТЕРЦИЕРНИ ДЕЈНОСТИ | | |
| • ЗАЕДНИЧКИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ | А2 ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ | |
| • КОЛЕКТИВНО ДОМУВАЊЕ | | |
| • КОЛЕКТИВНО СТАНОВАЊЕ | | |
| • СТРУКТУРАЛНО ДОМУВАЊЕ | | |
| • ДОМУВАЊЕ - ПРОГРАМА НА ВЛАДА | | |
| • РЕЗИДЕНЦИЈАЛНИ ГРАДБИ | | |
| • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ | | |
| • СТАРСКИ ДОМ | А3 ГРУПНО ДОМУВАЊЕ | |
| • ОБЈЕКТИ ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | | |
| • УЧЕНИЧКИ ДОМ | | |
| • ИНТЕРНАТ, СТУДЕНТСКИ ДОМ | | |
| • СТУДЕНТСКИ ДОМ | | |
| • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ | | |
| • ВИКЕНД НАСЕЛБИ, ВИКЕНД ЗОНИ, ВИКЕНД КУЌИ | А4 ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ | |
| • МОТЕЛ | | |
| • ПЛАНИНАРСКИ ДОМ | | |
| • ЛОВЕН ДОМ | | |
| • КАМП | | |
| • ДУЌАНИ | Б1 МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ | Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ |
| • ТРГОВСКИ ЦЕНТАР | | |
| • ЗАНАЕТЧИСКИ ДУЌАНИ | | |
| • РАСАДНИК | | |
| • УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ | | |
| • ТРГОВИЈА | | |
| • УГОСТИТЕЛСТВО | | |
| • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ | | |
| • ТРГОВСКИ ОБЈЕКТИ | Б2 ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ | |
| • ТРГОВСКИ ЦЕНТАР | | |
| • ПАЗАРИ | | |
| • СТОЧНИ ПАЗАРИ | | |
| • КВАНТАШКИ ПАЗАР | | |
| • АГРОБЕРЗА | | |
| • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ | | |
| • УГОСТИТЕЛСКИ И ТУРИСТИЧКИ КАПАЦИТЕТИ | Б3 ГОЛЕМИ УГОСТИТЕЛСКИ ЕДИНИЦИ | |
| • РЕСТОРАН | | |
| • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ | | |
| • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ | Б4 ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИ | |
| • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ - ПРОГРАМА НА ВЛАДА | | |
| • ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА | | |
| • ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ | | |
| • УГОСТИТЕЛСКИ И ТУРИСТИЧКИ КАПАЦИТЕТИ | Б5 ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ | |
| • ХОТЕЛИ | | |
| • ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ | | |
| • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ | | |
| • ПРЕНОЌИШТА, ПАНСИОНИ | | |
| • СИТЕ ВИДОВИ НА ОДМОРАЛИШТА | | |
| • БАЊИ | | |
| • СПОРТСКИ ЦЕНТРИ, ОБЈЕКТИ | Б6 ГРАДБИ ЗА СОБИРИ | |
| • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ | | |

| | | |
|---|---|---|
| • ОБРАЗОВАНИЕ | **В1** ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА | **В** ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ |
| • ОСНОВНО ШКОЛО - УЧИЛИШТЕ | | |
| • СРЕДНО ШКОЛО - УЧИЛИШТЕ | | |
| • ФАКУЛТЕТ | | |
| • РАСАДНИК | | |
| • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ | | |
| • ОБЈЕКТИ ОД НАУКА | | |
| • ИНСТИТУТ | | |
| • ОБЈЕКТИ ОД ЗДРАВСТВО | **В2** ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | |
| • ОБЈЕКТИ ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | | |
| • САНАТОРИУМИ | | |
| • БАЊИ | | |
| • ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | | |
| • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ | | |
| • ОБЈЕКТИ ОД КУЛТУРА | **В3** КУЛТУРА | |
| • ТЕАТАР | | |
| • ДОМ НА КУЛТУРА | | |
| • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ | | |
| • ДРЖАВНА И ЛОКАЛНА УПРАВА | **В4** ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ | |
| • КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ | | |
| • КОМПЛЕКСИ И ОБЈЕКТИ НА МО | | |
| • СПЕЦИЈАЛНИ НАМЕНИ | | |
| • ДИПЛОМАТСКИ ПРЕСТАВНИШТА | | |
| • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ | | |
| • ЈАВНА АМИНИСТРАЦИЈА | | |
| • ПОСТОЈНИ ВЕРСКИ ОБЈЕКТИ | **В5** ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ | |
| • ЦРКВА | | |
| • ЏАМИЈА | | |
| • СИНАГОГА | | |
| • ХРАМ | | |
| • МАНАСТИР | | |
| • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ | | |
| • ИНДУСТРИСКИ ЗОНИ | **Г1** ТЕШКА И ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА | **Г** ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ |
| • ГРАДЕЖНА ИНДУСТРИЈА | | |
| • РАФИНЕРИЈА | | |
| • ТЕШКА ИНДУСТРИЈА | | |
| • ЖЕЛЕЗАРА | | |
| • СЛОБОДНА СТОПАНСКА ЗОНА | **Г2** ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА | |
| • МАЛО СТОПАНСТВО | | |
| • ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА | | |
| • ФАРМИ | | |
| • ГРАДЕЖНА ИНДУСТРИЈА | | |
| • СЕРВИСИ | **Г3** СЕРВИСИ | |
| • МАЛО СТОПАНСТВО | | |
| • СТОВАРИШТА | **Г4** СТОВАРИШТА | |
| • МАГАЦИНИ | | |
| • СКЛАДИШТА | | |
| • СИЛОСИ | | |
| • ПАРК | **Д1** ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО | **Д** ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА |
| • БОТАНИЧКА ГРАДИНА | | |
| • ЗОНА ЗА САНИТАРНА ЗАШТИТА | **Д2** ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО | |
| • ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО | | |
| • СПОРТСКИ ТЕРЕНИ | **Д3** СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА | |
| • ТЕНИСКИ ТЕРЕНИ | | |
| • СПОРТСКИ ТЕРЕНИ И ОБЈЕКТИ | | |
| • СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА | | |
| • БАЗЕНИ | | |
| • ПЛАЖИ | | |
| • МЕМОРИЈАЛЕН ПАРК | **Д4** МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ | |
| • СПОМЕН ПАРК | | |
| • ВЕРСКИ ОБЈЕКТ СО ГРОБИШТА | | |
| • ГРОБИШТА | | |

| | | |
|---|---|---|
| • СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ | **Е1** КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА | **Е** ИНФРАСТРУКТУРА |
| • ВОДОВОДНИ, КАНАЛИЗАЦИОНИ ИНФРАСТРУКТУРИ | | |
| • ЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА ДО 20 КВ | | |
| • СООБРАЌАЈ И ВРСКИ | | |
| • ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА | | |
| • АЕРОДРОМИ | **Е2** КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА | |
| • ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ | | |
| • КОМУНАЛНИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ГРАДБИ | | |
| • ПРОТИВПОЖАРЕН ДОМ | | |
| • БЕНЗИНСКИ ПУМПНИ СТАНИЦИ | | |
| • ГАРАЖНИ КУЌИ - КАТНИ ГАРАЖИ | | |
| • СООБРАЌАЈ И ВРСКИ | | |
| • УСЛУЖНИ ЦЕНТРИ | | |
| • ПОЛИГОН ЗА ОБУКА НА ВОЗАЧИ | | |
| • РЕЗЕРВОАРИ ЗА ВОДА | | |
| • ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА | | |
| • ТРАФОСТАНИЦИ ДО 20 КВ | | |
| • ЗАГАДУВАЧКА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА | **Е3** НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА | |
| • РЕЗЕРВОАРИ ЗА ДЕРИВАТИ НАД 200 ТОНИ | | |
| • ДЕПОНИИ | | |
| • ТРАФОСТАНИЦИ НАД 20 КВ | | |
| • ПРЕЧИСТИТЕЛНИ СТАНИЦИ | | |

ТАБЕЛА - 2

| Група на класи на намени | Основна класа на намена | Компатибилни класи на намени на основната класа на намена | Максимален дозволен % на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена во планот | Максимален дозволен % на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот |
|---|---|---|---|---|
| **А** ДОМУВАЊЕ | **А0** ДОМУВАЊЕ СО ПОСЕБЕН РЕЖИМ | — | 0 | 0 |
| | **А1** ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ | Б1 | 30 | 30 |
| | | В1 | 30 | |
| | | Д3 | 30 | |
| | | Б5 | 5 | |
| | **А2** ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ | Б5 | 15 | 40 |
| | | Б1 | 20 | |
| | | Б2 | 30 | |
| | | Б4 | 20 | |
| | | В3 | 40 | |
| | | В4 | 10 | |
| | | Д3 | 40 | |
| | **А3** ГРУПНО ДОМУВАЊЕ | Б1 | 20 | 20 |
| | | Б2 | 20 | |
| | | В1 | 20 | |
| | | В2 | 20 | |
| | | В3 | 20 | |
| | | Д3 | 20 | |
| | **А4** ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ | Б1 | 30 | 30 |
| | | Б3 | 30 | |
| | | В2 | 30 | |
| | | Д3 | 30 | |
| **Б** КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ | **Б1** МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ | А1 | 20 | 20 |
| | | А3 | 20 | |
| | | Б4 | 20 | |
| | **Б2** ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ | А2 | 40 | 40 |
| | | А3 | 40 | |
| | | Б5 | 40 | |
| | | Б3 | 40 | |
| | | Б4 | 40 | |
| | | В3 | 40 | |
| | | В4 | 40 | |
| | **Б3** ГОЛЕМИ УГОСТИТЕЛСКИ ЕДИНИЦИ | А3 | 40 | 40 |
| | | Б5 | 40 | |
| | | В4 | 40 | |
| | | В3 | 40 | |
| | | Д3 | 40 | |
| | **Б4** ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИ | Б5 | 40 | 40 |
| | | Б1 | 40 | |
| | | Б2 | 40 | |
| | | Б3 | 40 | |
| | | В4 | 40 | |
| | | Д3 | 40 | |
| | **Б5** ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ | Б1 | 40 | 40 |
| | | Б2 | 40 | |
| | | Б3 | 40 | |
| | | Б4 | 40 | |
| | | Б6 | 40 | |
| | | В2 | 40 | |
| | | В3 | 40 | |
| | | Д3 | 40 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ | Б6 ГРАДБИ ЗА СОБИРИ | Б5 | 20 | 40 |
| | | Б1 | 20 | |
| | | Б2 | 40 | |
| | | Б3 | 20 | |
| | | Б4 | 20 | |
| | | В2 | 20 | |
| | | В3 | 20 | |
| | | В4 | 10 | |
| | | Д3 | 20 | |
| В ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ | В1 ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА | А3 | 20 | 20 |
| | | Б1 | 10 | |
| | | Б4 | 10 | |
| | | В3 | 20 | |
| | | Д3 | 20 | |
| | В2 ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | Б5 | 20 | 20 |
| | | Б1 | 20 | |
| | | Д3 | 20 | |
| | В3 КУЛТУРА | Б5 | 49 | 49 |
| | | Б1 | 49 | |
| | | Б2 | 49 | |
| | | Б4 | 49 | |
| | | В1 | 49 | |
| | | В4 | 49 | |
| | | Д3 | 49 | |
| | В4 ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ – СИТЕ ОРГАНИ НА ИЗВРШНА, СУДСКА И ЗАКОНОДАВНА ВЛАСТ, ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ, ЗАВОДИ, АГЕНЦИИ , ДИРЕКЦИИ И ДИПЛОМАТСКИ ПРЕТСТАВНИШТВА | Б1 | 25 | 25 |
| | | Б2 | 25 | |
| | | Б3 | 25 | |
| | | Б4 | 25 | |
| | | В3 | 25 | |
| | В4 ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ – ОРГАНИ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА | Б1 | 49 | 49 |
| | | Б2 | 49 | |
| | | Б3 | 49 | |
| | | Б4 | 49 | |
| | | В3 | 49 | |
| | В5 ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ | Б5 | 10 | 49 |
| | | Б1 | 10 | |
| | | Д1 | 10 | |
| | | Д4 | 49 | |
| Г ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ | Г1 ТЕШКА И ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА | Д1 | 30 | 49 |
| | | Д2 | 30 | |
| | | Д4 | 30 | |
| | | Г2 | 49 | |
| | | Г3 | 49 | |
| | | Г4 | 49 | |
| | Г2 ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА | Б1 | 30 | 49 |
| | | Б2 | 30 | |
| | | Д2 | 30 | |
| | | Д3 | 30 | |
| | | Д4 | 30 | |
| | | Г3 | 49 | |
| | | Г4 | 49 | |
| | Г3 СЕРВИСИ | Б1 | 30 | 49 |
| | | Б2 | 30 | |
| | | Д2 | 30 | |
| | | Д3 | 30 | |
| | | Д4 | 30 | |
| | | Г2 | 49 | |
| | | Г4 | 49 | |

<table>
<tr><td rowspan="7">Г<br>ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ</td><td colspan="2" rowspan="7">Г4<br>СТОВАРИШТА</td><td>Б1</td><td>30</td><td rowspan="7">49</td></tr>
<tr><td>Б2</td><td>30</td></tr>
<tr><td>Б4</td><td>30</td></tr>
<tr><td>Г3</td><td>49</td></tr>
<tr><td>Д2</td><td>30</td></tr>
<tr><td>Д3</td><td>30</td></tr>
<tr><td>Д4</td><td>30</td></tr>
<tr><td rowspan="12">Д<br>ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА</td><td colspan="2" rowspan="2">Д1<br>ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО</td><td>Б1</td><td>10</td><td rowspan="2">10</td></tr>
<tr><td>Д3</td><td>10</td></tr>
<tr><td colspan="2">Д2<br>ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО</td><td>–</td><td>0</td><td>0</td></tr>
<tr><td colspan="2" rowspan="8">Д3<br>СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА</td><td>А4</td><td>20</td><td rowspan="8">40</td></tr>
<tr><td>Б1</td><td>10</td></tr>
<tr><td>Б2</td><td>30</td></tr>
<tr><td>Б3</td><td>10</td></tr>
<tr><td>Б4</td><td>10</td></tr>
<tr><td>Б5</td><td>20</td></tr>
<tr><td>Б6</td><td>30</td></tr>
<tr><td>В3</td><td>20</td></tr>
<tr><td colspan="2">Д4<br>МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ</td><td>В5</td><td>40</td><td>40</td></tr>
<tr><td rowspan="7">Е<br>ИНФРАСТРУКТУРА</td><td colspan="2">Е1<br>КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА</td><td colspan="3">Учеството на класата на намена Е1 во основната класа на намени се утврдува во урбанистичкиот план</td></tr>
<tr><td rowspan="5">Е2<br>КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА</td><td>ТЕРМИНАЛИ ОД СЕКАКОВ ВИД, АЕРОДРОМИ, ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ, БЕНЗИСКИ ПУМПНИ СТАНИЦИ, МЕРНИ СТАНИЦИ, ТРАФОСТАНИЦИ ДО 20 КВ, ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА, РЕЗЕРВОАРИ ЗА ВОДА, ПРОТИВ ПОЖАРНИ ДОМОВИ И СЛ.</td><td colspan="3">Учеството на класата на намена Е2 во основната класа на намена се утврдува во урбанистичкиот план</td></tr>
<tr><td rowspan="4">КАТНИ ГАРАЖИ</td><td>Б1</td><td>15</td><td rowspan="4">15</td></tr>
<tr><td>Б2</td><td>15</td></tr>
<tr><td>Б3</td><td>15</td></tr>
<tr><td>Б4</td><td>15</td></tr>
<tr><td colspan="2">Е3<br>НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА</td><td colspan="3">За класата на намени Е3 не се утврдуваат компатибилни намени</td></tr>
</table>

## УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1279.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992) на седницата одржана на 21 март 2012 година, донесе

### О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА член 235-б став 1 точки 4 и 6 и став 7 од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010 и 44/2011).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Уставниот суд на Република Македонија, по повод иницијатива на Стамен Филипов од Скопје, со решение У.бр.202/2011 од 25 јануари 2012 година, поведе постапка за оценување на уставноста на одредбите од Законот, означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нивната согласност со Уставот.

4. Судот на седницата утврди дека во членот 235-б став 1 точки 4 и 6 од Законот за супервизија на осигурување е предвидено дека член на прекршочната комисија може да се разреши: - ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело (точка 4); - ако се утврди прекршување на прописите за водење на прекршочната постапка со правосилна одлука (точка 6).

Во ставот 7 од овој член од Законот е предвидено дека со актот од ставот 6 на овој член се пропишува и начинот на пристап до информациите кои се содржани во евиденцијата.

5. Согласно член 8 став 1 алинеи 3 и 4 од Уставот на Република Македонија, владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Според Амандман XX на Уставот, со кој се дополнува член 13 од Уставот, за прекршоци определени со закон, санкција може да изрече орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања. Против конечна одлука за прекршок се гарантира судска заштита под услови и постапка уредени со закон.

Во член 32 став 5 од Уставот е предвидено дека остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Според член 51 од Уставот во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според член 235-а од Законот за супервизија на осигурувањето со наслов „прекршочен орган“ се предвидува:

(1) За прекршоците утврдени во членот 237, 237-а, 237-б, 237-в и 237-г од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Агенцијата за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: Прекршочен орган).

(2) Прекршочната постапка од ставот (1) на овој член пред Прекршочниот орган ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочна комисија) формирана од вработени лица во Агенцијата за супервизија на осигурување кои ги именува Советот на експерти на Агенцијата.

(3) Советот на експерти со подзаконски акт го определува бројот, потребниот степен на стручна подготовка и работно искуство на членовите на Прекршочната комисија.

(4) Членовите на Прекршочната комисија се избираат за времетраење од пет години со право на реизбор.

(5) За претседател на Прекршочната комисија може да биде избран само дипломиран правник со положен правосуден испит.

(6) Прекршочната комисија донесува одлуки за прекршоците од овој закон и за изрекување прекршочни санкции.

(7) Прекршочната комисија донесува Деловник за својата работа кој претходно е одобрен од Советот на експерти на Агенцијата.

(8) Против решенијата на Прекршочната комисија, со кои се изрекува прекршочна санкција може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежниот суд.

Оспорениот член 235-б од Законот во кој е дефинирана работата на Прекршочната комисија, предвидува:

(1) Член на Прекршочната комисија може да се разреши:

1) со истекот на времето за кое е именуван за член,

2) по негово барање,

3) со исполнување на условите за старосна пензија согласно со закон,

4) ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело,

5) ако му се утврди трајна неспособност,

6) ако се утврди прекршување на прописите за водење на прекршочната постапка со правосилна одлука,

7) ако не ги исполнува обврските кои произлегуваат од работењето во Прекршочната комисија и

8) ако не пријавил постоење на конфликт на интереси за случај за кој решава Прекршочната комисија.

(2) Предлог за разрешување на член на Прекршочната комисија за случаите од ставот (1) точки 3 до 8 на овој член поднесува претседателот на Прекршочната комисија до Советот на експерти на Агенцијата.

(3) Прекршочната комисија има право да изведува докази и собира податоци кои се неопходни за утврдување на прекршокот, како и да врши други работи и презема дејствија утврдени со овој закон, Законот за прекршоците и/или со друг закон.

(4) Членовите на Прекршочната комисија се самостојни и независни во работата на Прекршочната комисија и одлучуваат врз основа на своето стручно знаење и самостојно убедување.

(5) Прекршочната комисија одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

(6) Прекршочната комисија води единствена евиденција на прекршоците, изречените прекршочни санкции и донесените одлуки на начин пропишан од Советот на експерти на Агенцијата во согласност со министерот кој раководи со органот надлежен за вршење на работите од областа на правдата.

(7) Со актот од ставот (6) на овој член се пропишува и начинот на пристап до информациите кои се содржани во евиденцијата.

(8) Членовите на Прекршочната комисија имаат право на награда за својата работа во Прекршочната комисија што ја определува Советот на експерти на Агенцијата која треба да биде разумна и соодветна на значењето, обемот на работа на членовите и сложеноста на прекршоците.

Од анализата на оспорената одредба, од членот 235-б став 1 точка 4 од Законот Судот оцени дека осудуваноста на лицето во текот на вршењето на работите и задачите како член на прекршочната комисија на Агенцијата за супревизија на осигурувањето, е причина за негово разрешување од должноста член на комисијата. Оспорената одредба од Законот генерално се однесува за наведените лица во случај кога се осудени за сторени кривични дела, без оглед на видот на кривичното дело, неговата природа или тежина и независно од видот на санкциите и нивната висина.

Со оглед на тоа што во оспорената одредба од Законот не се наведени ниту видот на кривичните дела, ниту пак изречените санкции кои во конкретен случај би претставувале основ за престанување на мандатот на член на Прекршочната комисија, произлегува дека осудата за кое било кривично дело, на која било кривична санкција е основ за престанок на должноста член на Прекршочната комисија. Поради непрецизноста на одредбата, би можело да настане ситуација осудата за кривично дело кое нема никаква врска со должноста член на Прекршочната комисија, да биде основ за престанок на неговиот мандат.

Тргнувајќи од наведеното, формулацијата на наведената законска одредба е недоволно прецизна и јасна и како таква не обезбедува правна сигурност на граѓаните, како еден од елементите на принципот на владеењето на правото, поради што одредбата од член 235-б став 1 точка 4 од Законот не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија.

Од анализата на оспорената одредба од членот 235-б став 1 точка 6 од Законот Судот утврди дека членот на прекршочната комисија може да се разреши ако се утврди прекршување на прописите за водење на прекршочната постапка со правосилна одлука. Меѓутоа, членовите имаат колективна а не индивидуална надлежност во водењето на прекршочните постапки и во одлучувањето, па оттука и во управниот спор пред надлежниот суд против решенијата на прекршочната комисија со кои се изрекува прекршочна санкција, со одлука на надлежниот суд може во оценката за неправилности во водената прекршочна постапка или незаконитоста на решението на комисијата, да се водат постапките и да се донесуваат одлуките на повисоките органи, што секако, во тие рамки, ја исклучува можноста поединечно, член на прекршочната комисија да биде разрешен поради водената постапка и донесени прекршочни решенија на комисијата во рамки на вршењето на надлежноста на комисијата. Наспроти ова, во истиот член 235-б во точката 7 од Законот, веќе е предвидено дека член на прекршочната комисија може да се разреши ако не ги исполнува обврските кои произлегуваат од работењето во прекршочната комисија што во себе веќе опфаќа разни ситуации на манливо или несоодветно работење на членот, кој покрај тоа што е вработен во Агенцијата, во таков случај и не мора да е член на прекршочна комисија и може да биде разрешен од тоа својство, но секако не и од аспект на оспорената точка 6 од одредбата од Законот, како што е погоренаведено. Од овие причини, Судот оцени дека оспорената одредба од членот 235-б став 1 точка 6 од Законот не е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, според кој владеењето на правото е темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија.

Од анализата на оспорената одредба од членот 235-б став 7 од Законот, Судот оцени дека со актот на Агенцијата за супервизија на осигурување - Советот на експерти, се пропишувало водењето единствена евиденција на прекршоците и изречените прекршочни санкции и донесени одлуки по предметите, а со тој акт требало да се пропишува, воедно, и начинот на пристап до информациите кои биле содржани во евиденцијата.

Меѓутоа, во членот 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/2006, 86/2008 и 6/2010), е предвидено дека со овој закон се уредуваат условите, начинот и постапката за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат органите на државната власт и другите органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања, утврдени со закон.

Правото на слободен пристап до информации од јавен карактер се остварува согласно со овој и друг закон.

Според членот 3 алинеја 2 од овој закон, „информација од јавен карактер“ е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности.

Со оглед на тоа што само со закон може да се уредува пристапот и давањето на информациите од јавен карактер, а не со акт на Агенцијата за супервизија на осигурување, како што е предвидено со оспорената одредба од членот 235-б став 7 од Законот, а имајќи предвид дека со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, предмет на уредување е токму пристапот до информациите од јавен карактер, Судот утврди дека паралелно, не може да се препушта без закон односно со подзаконски акт да се уредува предметното прашање како што тоа го упатува оспорената одредба од Законот за супервизија на осигурувањето.

Од овие причини Судот оцени дека за оспорената одредба од членот 235-б став 7 од Законот не е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 и членот 51 од Уставот.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Бранко Наумоски и судиите д-р Наташа Габер-Дамјановска, Исмаил Дарлишта, Лилјана Ингилизова-Ристова, Вера Маркова, Игор Спировски, д-р Гзиме Старова, Владимир Стојаноски и д-р Зоран Сулејманов.

У. бр. 202/2011
21 март 2012 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
**Бранко Наумоски,** с.р.

---

## СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1280.**

Судскиот совет на Република Македонија, постапувајќи согласно член 73 став 1 алинеја 3 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 58/2006) в.в. со член 26 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 150/2010), член 50 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 60/2006) в.в. со член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.150/2010), на ден 29.3.2012 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е

Се констатира престанок на судиската функција на Стефка Ристеска, судија на Врховниот суд на Република Македонија, со навршување на 64 години на 14.3.2012 година.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето – 29.3.2012 година.

Бр. 07-625/1
29 март 2012 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Александра Зафироска,** с.р.

---

**1281.**

Судскиот совет на Република Македонија, постапувајќи согласно член 73 став 1 алинеја 3 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 58/2006) в.в. со член 26 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 150/2010), член 50 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 60/2006) в.в. со член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Судски совет на Република Македонија (“Службен весник на РМ“ бр.150/2010), на ден 29.3.2012 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е

Се констатира престанок на судиската функција на Лазар Гичев, судија на Основниот суд Струмица, со навршување на 64 години на 18.03.2012 година.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето – 29.3.2012 година.

Бр. 07-626/1
29 март 2012 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Александра Зафироска,** с.р.

---

**1282.**

Судскиот совет на Република Македонија, постапувајќи согласно член 73 став 1 алинеја 3 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 58/2006) в.в. со член 26 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 150/2010), член 50 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 60/2006) в.в. со член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Судски совет на Република Македонија (“Службен весник на РМ“ бр.150/2010), на ден 29.3.2012 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е

Се констатира престанок на судиската функција на Сребран Стоичов, судија на Основниот суд Делчево, со навршување на 64 години на 9.3.2012 година.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето – 29.03.2012 година.

Бр. 07-627/1
29 март 2012 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Александра Зафироска,** с.р.

---

## ФОНД НА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1283.**

Врз основа на член 30, член 31 став 4, член 31-а став 4, член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на Република македонија“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011 и 26/2012), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 23.2.2012 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО СТРАНСТВО

## I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот на користење на болничко лекување на осигурените лица во странство, начинот на користење на двојазични обрасци за упатување на лекување во странство со земји со кои е склучен или превземен Договор за социјално осигурување и во кој е регулирана можноста за упатување на лекување во странство, постапката за склучување на договори со странските болници, начинот на користење на здравствени услуги во приватна здравствена установа во Република Македонија, здравствени услуги на осигурениците кои се упатени на привремена работа во странство или кои привремено престојуваат во странство по друг основ, итна медицинска помош на осигурените лица кои привремено престојуваат во странство, најповолните цени на здравствени услуги во странство, како и надоместувањето на патните трошоци и трошоците за пренос на посмртни останки на умрено лице.

Покрај услугите од став 1 на овој член осигуреното лице може да користи во странство и здравствени услуги на контролни прегледи кои се однесуваат на веќе извршено болничко лекување во странство, одобрено од страна на Фондот а кои не можат да се извршат во Република Македонија.

## II. НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА БОЛНИЧКО ЛЕКУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО

### Постапка за остварување на право на болничко лекување во странство

Член 2

Постапката за упатување на лекување во странство се поведува по барање на осигуреното лице.

За малолетните лица и лицата лишени од деловна способност, барањето го поднесува родителот, посвоителот или старателот.

Член 3

Барањето од член 2 на овој правилник се поднесува до Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во натамошниот текст: Фонд) преку подрачната служба во местото каде што подносителот на барањето е пријавен во задолжително здравствено осигурување.

Барањето од член 2 на овој правилник кое се однесува за упатување на лекување во земја со која Република Македонија нема склучено (превземено) Договор за социјално осигурување за упатување на лекување во странство се поднесува врз основа на:

- предлог за упатување на лекување во странство од соодветната универзитетска клиника во Скопје во кој е точно наведена земјата и здравствената установа во која се упатува осигуреното лице, како и здравствена установа во една од референтните земји (Бугарија, Србија, Хрватска и Словенија) доколку во истите се врши лекувањето;
- најмалку две профактури од странски здравствени установи од кои една задолжително од здравствена установа од една од земјите Република Словенија, Република Хрватска, Република Бугарија и Република Србија;
- потребната медицинска и друга документација за текот на лекувањето во здравствените установи во Републиката.

Осигуреното лице во координација со клиничкиот конзилиум потребно е да прибави и достави две профактури од странски здравствени установи од кои една задолжително од здравствена установа од една од земјите Република Словенија, Република Хрватска, Република Бугарија и Република Србија во случај на поднесување на барање за упатување на лекување во земја со која Република Македонија нема склучено (превземено) Договор за социјално осигурување за упатување на лекување во странство.

По исклучок од став 2 алинеја 2 на овој член доколку осигуреното лице не е во можност да достави две профактури од странски здравствени установи од кои една задолжително од здравствена установа од една од земјите Република Словенија, Република Хрватска, Република Бугарија и Република Србија, Првостепената односно Второстепената лекарска комисија може по службена должност да ги побара истите во најкус можен рок.

Доколку профактурите не може да се обезбедат согласно став 3 и 4 од овој член, потребно е осигуреникот да достави доказ (е-маил, факс, допис) дека истите се побарани, но не се доставени од страна на здравствените установи.

По исклучок од став 2 алинеја 2 на овој член, не се доставува профактура од странски здравствени установи од земјите Република Словенија, Република Хрватска, Република Бугарија и Република Србија, во случаи кога во овие земји не се врши потребната здравствена услуга, или кога во предлогот за упатување на лекување во странство од соодветната универзитетска клиника е наведено дека потребната здравствена услуга се врши единствено во предложената странска здравствена установа, или кога се работи за потреба од реоперативен зафат или продолжување на лекување, односно следна фаза на лекување, во странска здравствена установа каде претходно бил упатен осигуреникот, односно било извршено лекувањето.

Барањето од член 2 на овој правилник кое се однесува за упатување на лекување во земја со која Република Македонија има склучено (превземено) Договор за социјално осигурување и во кој е регулирана можноста за упатување на лекување во странство се поднесува врз основа на:

- предлог за упатување на лекување во странство од соодветната универзитетска клиника во Скопје, и
- потребната медицинска и друга документација за текот на лекувањето во здравствените установи во Републиката.

Во случај на поднесено барање за упатување на лекување во странство во земја со која Република Македонија има склучено (превземено) Договор за социјално осигурување и во кој е регулирана можноста за упатување на лекување во странство, се обезбедува профактура од странска здравствена установа за соодветната здравствена услуга.

Фондот на web страната објавува листа на земји со кои Република Македонија има склучено (превземено) Договор за социјално осигурување односно објавува листа на земји со кои Република Македонија има склучено (превземено) Договор за социјално осигурување во кој е регулирана можноста за упатување на лекување во странство.

Осигурените лица на кои им е утврдено својство на деца со посебни потреби кон барањето од член 2 на овој правилник поднесуваат решение од Министерството за труд и социјална политика - Центар за социјални работи.

Член 4

Предлогот за упатување на лекување во странство го дава клинички конзилиум од најмалку тројца лекари субспецијалисти/специјалисти и директорот на соодветната универзитетска клиника во Скопје и важи шест месеци од денот на издавањето.

Предлогот за упатување на лекување во странство, ги содржи основните податоци за осигуреното лице, почетокот и текот на болеста, начинот на лекувањето, лабораториските, радиодијагностички и други дијагностички испитувања врз основа на кои е поставена дијагнозата, мислење дека заболувањето не може со успех да се лекува во Републиката, како и мислење во која земја и странска здравствена установа постојат можности за успешно лекување на тоа заболување и здравствена установа од земјите наведени во член 3 став 2 доколку во истите постојат такви здравствени установи во кои лекувањето може да се изврши.

**Првостепена и Второстепена лекарска комисија**

Член 5

Врз основа на предлогот за упатување на лекување во странство и бараната документацијата согласно член 3 и член 4, оценка и мислење за потребата од лекување во странство дава Првостепената, односно Второстепената лекарска комисија за лекување во странство при Фондот.

Член 6

Првостепената лекарска комисија ја формира Директорот на Фондот и се состои од 7 членови со 7 заменици од истакнати медицински лица од различни субспецијалности.

Првостепената лекарска комисија има претседател и заменик претседател кои ја организираат и учествуваат во работата на комисијата.

Првостепената лекарска комисија работи во состав од најмалку 4 члена, со тоа што Претседателот/заменик претседателот го одредува составот од редот на членовите на комисијата, во зависност од видот на заболувањата кои се разгледуваат на седницата.

Во случај на отсуство на некој од членовите на седницата присуствува заменик член. За спреченоста да присуствува на седница, членот на комисијата е должен да го извести претседателот или заменик претседателот, преку секретарот на комисијата.

Претседателот/заменик претседателот на Првостепената лекарска комисија ги свикува и ги води седниците.

Составот на Првостепената лекарска комисија од став 3 на овој член води записник за својата работа и дава наод, оценка и мислење кои ги потпишуваат сите членови присутни на седницата.

Првостепената лекарска комисија одлуките ги донесува со мнозинство од вкупниот број на членови.

Во работата на седниците на Првостепената лекарска комисија за упатување на лекување во странство учествува и стручен работник на Фондот во својство на секретар на комисијата, а поради давање на потребни податоци, објаснување и запознавање на комисијата со предметот што се разгледува.

Член 7

Второстепената лекарска комисија ја формира Управниот одбор на Фондот и се состои од 7 членови со 7 заменици од истакнати медицински лица од различни субспецијалности.

Второстепената лекарска комисија има претседател и заменик претседател кои ја организираат и учествуваат во работата на комисијата.

Во случај на отсуство на некој од членовите на седницата присуствува заменик член. За спреченоста да присуствува на седница, членот на комисијата е должен да го извести претседателот или заменик претседателот, преку секретарот на комисијата.

Второстепената лекарска комисија работи во состав од најмалку 4 члена, со тоа што Претседателот/заменик претседателот одредува составот од редот на членовите на комисијата, во зависност од видот на заболувањата кои се разгледуваат на седницата.

Претседателот/заменик претседателот на Второстепената лекарска комисија ги свикува и ги води седниците.

Второстепената лекарска комисија води записник за својата работа и дава наод, оценка и мислење кои ги потпишуваат сите членови присутни на седницата.

Второстепената лекарска комисија одлуките ги донесува со мнозинство од вкупниот број на членови.

Во работата на седниците на Второстепената лекарска комисија за упатување во странство учествува и стручен работник на Фондот во својство на секретар на комисијата, а поради давање на потребни податоци, објаснување и запознавање на комисијата со предметот што се разгледува.

**Постапка пред првостепената и второстепената лекарска комисија за донесување на првостепено решение**

Член 8

Првостепената лекарска комисија одржува седници најмалку 2 пати во месецот.

На закажаната седница на Првостепената комисија секретарот ги доставува сите комплетирани предмети согласно член 3 и член 4 од правилникот, како и сите останати предмети за кои е потребно да се посоветува со членовите на комисијата.

Првостепената комисија го разгледува секој предмет поединечно и за секој дава наод, оценка и мислење или укажува дека е потребно мислење од некоја здравствена установа од републиката, прибавување на дополнителни податоци или профактури за соодветната здравствена услуга.

Наодот, оценката и мислењето на комисијата треба да е јасен и недвосмислен, при што се наведува земјата и здравствената установа во која осигуреникот се упатува.

Второстепената лекарска комисија задолжително ги преиспитува позитивните наоди, оценки и мислења на Првостепената лекарска комисија во рок од 7 дена.

Секретарот на првостепената лекарска комисија сите позитивни наоди, оценки и мислења во рок од 1 ден ги предава на секретарот на второстепената комисија со цел истиот да ги подготви за седницата на која второстепената лекарска комисија ќе ги преиспитува истите со давање на конечно мислење.

За сите негативни наоди, оценки и мислења од страна на првостепената лекарска комисија секретарот веднаш изготвува Решение со кое барањето на осигуреникот се одбива. Решениeто го донесува Директорот на Фондот, кое претходно со свој потпис го потврдува Претседателот/Заменик Претседателот на Првостепената лекаска комисија.

При преиспитување на позитивниот наод, оценка и мислење од страна на првостепената лекарска комисија, второстепената лекарска комисија дава позитивен или негативен наод, оценка и мислење врз основа на кое на секретарот на првостепената лекарска комисија изготвува Решение кое го донесува Директорот на Фондот, а претходно со свој потпис го потврдува Претседателот/Заменик претседателот на Првостепената односно Второстепената лекарска комисија.

**Жалба**

Член 9

Против решението на Фондот, осигуреното лице може да поднесе жалба, во согласност со член 31 став 16 од Законот за здравственото осигурување.

Управниот одбор на Фондот одлучува за жалбите со донесување на решение согласно член 10 од овој правилник.

**Постапка пред второстепената лекарска комисија за донесување на решение по жалба**

Член 10

Второстепената лекарска комисија дава наод, оценка и мислење за предметите по кои е изјавена жалба.

Второстепената лекарска комисија одржува седници најмалку 2 пати во месецот.

На закажаната седница на Второстепената лекарска комисија секретарот ги доставува сите комплетирани предмети по Жалба.

Второстепената лекарска комисија го разгледува секој предмет поединечно и дава позитивен или негативен наод, оценка и мислење.

Наодот, оценката и мислењето на комисијата треба да е јасен и недвосмислен, при што за позитивните мислења се наведува земјата и здравствената установа во која осигуреникот се упатува, а во негативните причините зошто така е одлучено.

Секретарот согласно дадениот наод, оценка и мислење изготвува позитивно или негативно Решение кое со свој потпис го потврдува Претседатлот/заменик претседателот на Второстепената лекарска комисија, а го потпишува Претседателот на управниот одбор, односно заменик претседателот во услови на спреченост, односно отсуство на претседателот.

**Итен случај**

Член 11

Доколку во Предлогот за упатување на лекување во странство е наведено дека се работи за итен случај секретарите се должни во најкус можен рок да ги известат претседателите/замениците на претседателите на првостепената, односно второстепената лекарска комисија со цел да се закаже седница на кое истите ќе дадат наод, оценка и мислење.

При итни случаи првостепената и второстепената лекарска комисија заседаваат во ист ден.

**Оценка и мислење на првостепена односно второстепена лекарска комисија**

Член 12

Оценката и мислењето на Првостепената и Второстепената лекарската комисија содржи податоци за следново:

- дали се исцрпени сите можности за лекување во земјата, вклучително и можноста предвидена со член 28 со овој правилник;
- дали постојат можности за успешно лекување на заболувањето во странство, во која земја, односно во која странска болничка здравствена установа;
- вид на лекување кое се предлага и времето потребно за лекување во странство;
- дали на осигуреното лице му е потребен придружник, односно стручен придружник и за кое време (само при заминување, само при враќање, при враќање и заминување или за сето време на лекувањето во странство);
- погодно превозно средство (воз, автобус, авион, кола за санитетски превоз) и начинот на превозот;
- потребата од продолжување на болничкото лекување во странска здравствена установа.

**Донесување на решение за лекување во странство**

Член 13

Врз основа на документацијата од член 3 и член 5 на овој правилник по добиената согласност од странската здравствена установа за прифаќање на лекувањето во која е одреден термин за прием на лекување и по добиената оценка и мислење на првостепената и второстепената лекарска комисија, осигуреното лице врши уплата на лично учество од доставената профатура на странската здравствена установа, за лекување во странство, освен осигурените лица кои се ослободени од учество.

Осигуреното лице врши уплата на учеството од став 1 на овој член и во сите случаи кога е добиена согласност за лекување од странската здравствена установа иако не е добиен термин за прием во странската здравствена установа на осигуреното лице.

Фондот донесува решение за упатување на лекување во странство по оценката и мислењето од првостепената и второстепената лекарска комисија и извршената уплата за учество од став 1 на овој член.

Решението за упатување на лекување во странство задолжително ги содржи следниве елементи:

- земјата, местото, здравствената установа во која осигуреното лице се упатува на лекување;
- времетраење на лекувањето;
- дали се обезбедува придружник;
- правото на патните трошоци, начинот на превозот и видот на превозното средство;
- начинот на плаќање на трошоците за лекување;
- износот на учеството на осигуреното лице во трошоците за лекување;
- должноста на осигуреното лице, односно придружникот да поднесат писмен извештај со потребна документација за извршеното болничко лекување;

- постапката за потребата од продолжување на болничкото лекување во странска здравствена установа.

Решението кое не ги содржи елементите од став 4 на овој член е неподобно за административно извршување.

Во случај на упатување на лекување во земја со која Република Македонија има склучено (превземено) Договор за социјално осигурување и во кој е регулирана можноста за упатување на лекување во странство по донесување на решението од став 4 на овој член Подрачната служба на Фондот во местото каде што осигуреното лице е пријавено во задолжително здравствено осигурување го издава двојазичниот образец.

Член 14

Фондот врши уплата на средствата за лекување во странство на странската здравствена установа за осигуреното лице кое е упатено со решение од Фондот, во земја со која Република Македонија нема склучено (превземено) Договор за социјално осигурување по закажан термин за прием на лекување во странската здравствена установа.

Фондот врши уплата на средствата за лекување во странство на странскиот фонд за здравствено осигурување (здравствено – осигурителна каса), за осигуреното лице кое е упатено со решение на Фондот и со двојазичен образец во земја со која Република Македонија има склучено (превземено) Договор за социјално осигурување и во кој е регулирана можноста за упатување на лекување во странство согласно одредбите на овој договор.

Член 15

Лекувањето во странство, осигуреното лице го остварува најдолго во траење утврдено со решението.

Ако постојат оправдани причини за продолжување на лекувањето на предлог на странската здравствена установа во која осигуреното лице се лекува и доколку за лекувањето настанат дополнителни трошоци, Фондот може да му признае право на продолжување на одобреното лекување и надомест на дополнителните трошоци за лекувањето по спроведување на постапка.

Постапката за продолжување на лекувањето во странската здравствена установа од став 2 на овој член се спроведува врз основа на:

- барање за продолжување на лекување во странство, кое се поднесува согласно став 1 на член 3 од овој правилник;
- предлог на странската здравствена установа за оправданоста на причините за продолжување на лекувањето;
- потребната медицинска документација и друга документација за текот на лекувањето во странската здравствена установа и
- оценка и мислење од првостепената и второстепената лекарска комисија на Фондот за потребата од продолжување на болничкото лекување во странската здравствена установа.

Член 16

По исклучок од членот 12 на овој правилник, во случај кога здравствената состојба на осигуреното лице е таква да постои непосредна опасност по неговиот живот (виталнозагрозувачка), Фондот донесува решение за упатување на лекување на осигуреното лице за лекување во странство по итна постапка, на предлогот за упатување на лекување во странство од соодветната универзитетска клиника во Скопје и врз наод, оценка и мислење на првостепената и второстепената лекарска комисија за упатување на лекување во странство.

Решението од став 1 на овој член Фондот го донесува врз основа на:

- барање за болничко лекување во странство, кое се поднесува согласно став 1 на член 3 од овој правилник;
- предлог за упатување на лекување во странство од соодветната универзитетска клиника во Скопје;
- потребната медицинска документација и друга документација за текот на лекувањето во здравствените установи во републиката и,
- оценка и мислење од Првостепената и Второстепената лекарска комисија на Фонодт за потребата од итност за упатување на болничкото лекување во странската здравствена установа.

**Придружник**

Член 17

На осигуреното лице на кого при патување на лекување во странство му е неопходно потребна медицинска и друга помош, кој е глувонем, слеп, неподвижен, на дете до 18 години возраст од животот и лице кое поради одредени физички и психички причини не може сам да патува, може да му се одобри придружник, односно стручен придружник при одење и враќање.

По исклучок од став 1 на овој член за придружник на дете до 3 години возраст може да му се одобри сместување во болничка здравствена установа за сето време на болничкото лекување.

Член 18

Кога повеќе осигурени лица истовремено се упатуваат на лекување во странство, во иста земја и во исто место, може да се одобри еден стручен придружник.

**Контролен преглед**

Член 19

Ако странската здравствена установа предложи контролен преглед, или конзилиумот лекари од соодветната универзитетска клиника предложи контролен преглед во странската здравствена установа во која е извршено болничкото лекување, на осигуреното лице може да му се признае контролен преглед во странската болничка установа каде било извршено лекување, доколку во предлогот за упатување на лекување во странство е утврдено дека тој преглед е неопходен и ако таков преглед не може да се изврши во земјата.

Постапката за остварување на правото на контролен преглед е иста како и за користење на правото на болничко лекување во странство, а се спроведува врз основа на:

- барање за контролен преглед во странство, кое се поднесува согласно став 1 на член 3 од овој правилник;
- предлог за упатување на контролен преглед во странство од соодветната универзитетска клиника во Скопје;
- предлог на странската здравствена установа за контролен преглед;
- потребната медицинска документација и друга документација за текот на лекувањето во странската здравствена установа и

- оценка и мислење од првостепената и второстепената лекарска комисија на Фондот за потребата од продолжување на болничкото лекување во странската здравствена установа.

**Извештај за лекувањето**

Член 20

По враќањето, а најдоцна во рок од 7 дена по завршеното лекување во странство, осигуреното лице и неговиот придружник до Фондот поднесуваат писмен извештај, со потребна медицинска и друга документација за извршеното лекување.

Извештајот од ставот 1 на овој член содржи: датум на поаѓање на осигуреното лице и неговиот придружник, датум на прием во странската здравствена установа и датум на враќање во земјата.

Со извештајот за лекувањето кое е извршено врз основа на решение на Фондот во земја со која Република Македонија нема склучено (превземено) Договор за социјално осигурување осигуреното лице ја поднесува следната документација:

- отпусно писмо и потврда за престој во болницата;
- фактура за извршените здравствени услуги;
- возни карти врз основа на кои е извршен превоз со фискални сметки за купени карти во Република Македонија или друг доказ за плаќање доколку возните карти се платени во странство, и
- друга документација.

Со извештајот за лекувањето кое е извршено врз основа на решение на Фондот и двојазичен образец од Подрачната служба на Фондот во земја со која Република Македонија има склучено (превземено) Договор за социјално осигурување, осигуреното лице ја поднесува документацијата наведена во став 3 на овој член освен фактура од странската здравствена установа.

Доколку Фондот не е во можност да изврши пресметка на трошоците за извршеното лекување во странство поради непостапување на осигуреното лице согласно став 1 на овој член на товар на осигуреното лице паѓаат дополнителните трошоци за лекувањето и задоцнувањето на исплатата на побарувањата на странската здравствена установа.

**Трошоци за болничко лекување во странство**

Член 21

Врз основа од извештајот и документацијата од член 20 на овој правилник, Фондот изготвува пресметка за спроведеното болничко лекување во странство.

Како трошоци за болничко лекување во странство се сметаат:

1) трошоците за извршеното болничко лекување, односно за контролен преглед во странската здравствена установа, вклучувајќи ги и трошоците за сместување и исхрана во болничката здравствена установа;

2) трошоците за превоз на осигуреното лице, односно одобрениот придружник;

3) трошоците за лекови набавени според предлогот во отпусното писмо на странската здравствена установа, неопходни за периодот до враќањето во земјата;

4) патни и дневни трошоци за стручниот придружник.

Како трошоци за болничко лекување според став 2 точка 1 на овој член се сметаат и трошоците за сместување и исхрана на одобрениот придружник на дете до 3 години возраст од член 17 став 2 на овој правилник.

Висината на трошоците за болничко лекување во странство се утврдуваат според доставената фактура.

Осигуреното лице согласно член 32 став 2 од законот учествува со лични средства во вкупните трошоци од став 2 точките 1, 2 и 3 и став 3 на овој член.

Од учество со лични средства во вкупните трошоци се ослободуваат деца со посебни потреби, според прописите за социјална заштита, согласно член 34 став 1 алинеја 2 од законот.

Својството на дете со посебни потреби осигуреното лице го докажува со решение од надлежниот Центар за социјална работа при Министерството за труд и социјална политика.

**Патни трошоци**

Член 22

На осигуреното лице упатено на болничко лекување во странство и на одобрениот придружник им припаѓаат патни трошоци во висина на стварните трошоци за превоз, за одење и враќање, намалени за партиципацијата утврдена во член 13 од овој правилник.

**Дневни трошоци за стручен придружник**

Член 23

На одобрениот стручен придружник му се исплатува дневница во висина од 100% од дневницата утврдена со прописите за највисоките износи на дневниците за службено патување во странство.

**Пресметување на трошоците**

Член 24

Ако пред упатување на болничко лекување во странство е исплатен аванс за одобреното болничко лекување во странство, со пресметката од член 21 на овој правилник се врши усогласување на повеќе односно помалку исплатените средства.

Разликата на средствата од став 1 на овој член се уплатува, односно исплатува најдоцна во рок од 7 дена од денот на извршената пресметка.

Ставовите 1 и 2 на овој член се однесуваат за случаи на упатување на лекување во земји со кои Република Македонија нема склучено (превземено) Договор за социјално осигурување.

Ако осигуреното лице е упатено на лекување врз основа на решение на Фондот и двојазичен образец од Подрачната служба на Фондот во земја со која Република Македонија има склучено (превземено) Договор за социјално осигурување пресметувањето на трошоците ќе се врши согласно одредбите од овој договор.

**Постапка за склучување на договор со странска болница**

Член 25

Фондот со странски здравствени установи ги договара најповолните цени на здравствени услуги по одделни видови на заболувања за болничко лекување во странство.

Член 26

Фондот може да склучува договори за болничко лекување во странство по претходноспроведена постапка за избор на странска болница за лекување.

Фондот донесува одлука за започнување на постапка за склучување на договор со странска болница.

Фондот утврдува листа на здравствени услуги кои не се извршуваат во Република Македонија, која ќе биде потврдена од страна на универзитетските клиники во Скопје.

Договорите ќе се склучуваат по претходно доставена покана од страна на Фондот до странските болници кои потребно е да ги исполнуваат условите за вршење на професионална дејност во земјата каде истата ја вршат што ќе го докажат со приложување на соодветен документ од надлежен орган и решение од надлежен орган за вршење на дејноста за здравствените услуги содржани во понудата (акредитација).

Врз основа на утврдената листа на здравствени услуги странската болница ќе достави понуда со цени на бараните услуги, а задолжително ќе достави и дополнителна листа на услуги кои ги врши и кои ќе бидат составен дел на договорот, доколку се појави потреба од нивно користење.

Изборот ќе се изврши врз основа на понудена најниска цена за иста здравствена услуга од поканетите странски болници која опфаќа вкупни трошоци потребни за лекувањето на осигуреникот во кои се вклучени здравствената услуга, медицински потрошен материјал, лекови, сметување, исхрана, сместување за придружник за дете до 3 години, надополнета со просечната цена за патни трошоци при одење и при враќање од лекувањето.

Фондот донесува одлука за избор на странски болници кои ги исполнуваат критериумите од став 4, 5 и 6 од овој член и со истите ќе склучи договори.

Член 27

Во договорите се уредуваат видот, квалитетот и роковите за остварување на здравствените услуги кои се согласно медицина базирана на докази, цена на поединечните здравствени услуги, планиран број на денови на лекување, начинот на плаќање на здравствените услуги, задолжителни рокови на доставување на финансиската и медицинската документација за извршеното лекување, причините и условите под кои може да се раскине договорот.

**Користење на здравствени услуги во приватна здравствена установа**

Член 28

Доколку здравствените услуги не се вршат во јавните здравствени установи од болничката здравствена заштита, а се вршат во приватните здравствени установи во Република Македонија со кои Фондот нема склучено договор, Фондот може да склучи рамковен договор со овие здравствени установи.

Во договорот од став 1 на овој член се регулира начинот на прифаќање на услугата, начинот на плаќање, начинот на комуникација, начинот на утврдување на цената и други права и обврски.

Цената на здравствената услуга опфаќа комплетна здравствена услуга во која се вклучени здравствената услуга, медицински потрошен материјал, лекови, сметување, сместување за придружник за дете до 3 години.

Првостепената и второстепената лекарска комисија ги разгледува сите начини предвидени со овој правилник за избор на болница во која предлага да се изврши лекувањето водејќи сметка за најповолната цена.

Доколку оценката и мислењето на Првостепената и второстепената лекарска комисија се однесува на упатување на осигуреното лице во приватната здравствена установа во Република Македонија, Фондот ќе донесе решение за упатување на лекување во приватната здравствена установа во Република Македонија.

Осигуреното лице при користењето на здравствени услуги во приватната здравствена установа учествува со лични средства согласно Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите.

Член 29

На осигуреното лице на кое му е одобрено лекување во една странска здравствена установа или приватна здравствена установа во Република Македонија, а истото лекувањето сака да го изврши во друга установа во која трошоците се повисоки, на товар на осигуреното лице паѓа разликата во трошоците.

Осигуреното лице кое се лекувало во странска здравствена установа или приватна здравствена установа во Република Македонија, а кое не е упатено на лекување во согласност со одредбите од овој правилник нема право на надомест на трошоците од задолжителното здравствено осигурување.

## III. ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ КОИ СЕ УПАТЕНИ НА ПРИВРЕМЕНА РАБОТА ВО СТРАНСТВО И КОИ ПРИВРЕМЕНО РЕСТОЈУВААТ ВО СТРАНСТВО ПО ДРУГ ОСНОВ

Член 30

Осигуреникот кој е упатен на привремена работа во земја со која Република Македонија има склучено (превземено) Договор за социјално осигурување може да користи здравствени услуги во истата, врз основа на двојазичен образец кој го издава подрачната служба на Фондот, каде што е поднесена пријавата за задолжително здравствено осигурување.

Член 31

Постапката за издавање на двојазичниот образец од член 30 на овој правилник се поведува по барање од правното, физичкото лице и државните органи (во натамошниот текст: работодавец).

Кон барањето од став 1 на овој член работодавачот поднесува:

1) решение за упатување на осигуреникот на привремена работа во странство;

2) лекарско мислење за здравствената состојба на осигуреникот што го издава здравствената установа во која се врши дејност на медицина на трудот;

3) согласност за упатување на работници на привремена работа во странство издадено од органот на управата надлежен за работните односи.

Член 32

Двојазичниот образец од член 30 на овој правилник се издава врз основа на документацијата од член 31, а по проверка на пријавата за задолжително здравствено осигурување (Образец 30-1) и потврдата за платен придонес за здравствено осигурување.

Двојазичниот образец од член 30 на овој правилник не се издава на осигуреници за кои е утврдено дека боледуваат од акутни болести или кај кои постои нарушување на здравствената состојба која бара лекување и

кои боледуваат од акутни влошувања кај хронични и други болести поради кои е потребно подолготрајно лекување и лекарски надзор.

Член 33

По завршувањето на привремената работа во странство, работодавецот го известува Фондот за престанокот на привремената работа во странство.

Член 34

Ако осигуреникот или работодавецот ги платиле трошоците за лекувањето во странство, Фондот ќе ги признае стварните трошоци во обем утврден со Законот за здравственото осигурување, намалени за пропишаното учество во трошоците за лекување во странство, ако со меѓународен договор за социјално осигурување поинаку не е определено.

Член 35

Осигурените лица кои привремено престојуваат (приватно или службено, студиски престој, школување и стручно усовршување, престој во врска со меѓународна- техничка, научна и културна соработка и сл.), во земји со кои Република Македонија има склучено (превземено) договор за социјално осигурување, можат да користат бесплатна итна медицинска помош, врз основа на двојазичен образец кој го издава подрачната служба на Фондот, каде што е поднесена пријавата за задолжително здравствено осигурување.

Член 36

Постапката за издавање на двојазичниот образец од член 35 на овој правилник се поведува по барање на осигуреното лице.

Кон барањето од став 1 на овој член осигуреното лице поднесува:

1) Потврда за здравствената состојба, издадена од избраниот лекар;

2) Наод, оценка и мислење на лекарската комисија на Фондот.

Член 37

Двојазичниот образец од член 35 на овој правилник не се издава на осигурени лица за кои е утврдено дека боледуваат од акутни болести или акутни влошувања кај хронични болести.

## IV. КОРИСТЕЊЕ НА ИТНА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ ВО СТРАНСТВО

Член 38

Осигурените лица кои привремено престојуваат (приватно или службено патување, студиски престој, школување и стручно условршување, престој во врска меѓународна - техничка, научна и култутна соработка и сл.) во земји со кои Република Македонија има склучено (превземено) Договор за социјално осигурување и не ја спровеле постапката од член 36 или привремено престојуваат во земји со кои Република Македонија нема склучено (превземено) Договор за социјално осигурување, може да користат само итна медицинска помош.

Како итна медицинска помош на став 1 од овој член се смета користење на здравствени услуги кои се неопходни за отстранување на непосредна опасност по животот и здравјето на осигуреното лице, додека трае таа опасност.

Итноста на случајот од став 1 на овој член, времетраењето на итноста и здравствените услуги потребни за отстранување на непосредната опасност по животот и здравјето на осигуреното лице ја цени лекарската комисија од Подрачната служба на Фондот врз основа на медицинската документација на странската здравствена установа.

Осигуреното лице кое користи здравствена заштита во итен случај според став 1 на овој член должно е по завршувањето на итноста да се врати за да го продолжи лекувањето во земјата.

По завршувањето на итноста, може да се одобри превоз за враќање на осигуреното лице со санитетско возило во Република Македонија врз основа на оценка и мислење на лекарската комисија на подрачната служба на Фондот, а по предлог на странската здравствена установа.

Ако по завршувањето на итноста осигуреното лице не се врати навреме во земјата и го продолжи лекувањето во странство, за тој период трошоците паѓаат на товар на осигуреното лице.

Платените здравствени услуги од став 1 на овој член, Фондот ги признава во полн износ, намалени за пропишаното учество за лекување во странство, врз основа на поднесено барање од осигуреното лице.

Член 39

По исклучок во итните случаи кога не може да се примени меѓународен Договор за социјално осигурување, а осигуреното лице во странската здравствена установа се наоѓа на подолготрајно болничко лекување кое не е во можност сам да го плати и по завршување на истото да бара надомест на трошоците согласно законот и правилникот, Фондот поведува постапка за утврдување на итноста по службена должност.

По добивање на оценка и мислење од надлежната лекарска комисија од Подрачната служба на Фондот за итноста на случајот Фондот врз основа на доставена фактура од странската здравствена установа врши уплата на средствата за извршеното лекување во странство на осигуреното лице согласно одредбите на законот. Осигуреното лице пропишаното лично учество во трошоците го плаќа во странската здравствена установа.

## V. ПРЕНОС НА УМРЕНО ЛИЦЕ

Член 40

Во случај на смрт на осигурено лице кое се наоѓало на лекување во странска здравствена установа одобрено со решение на Фондот, трошоците за пренос на посмртните останки на умреното лице паѓаат на товар на средствата на Фондот.

## VI. ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ВО СТРАНСТВО И ПРАВОТО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ВО ПРИВАТНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА

Член 41

Осигурените лица правата за користење на здравствени услуги во странство односно правото за користење на здравствени услуги во приватна здравствена установа во Република Македонија утврдени со овој

правилник ги остваруваат во управна постапка во согласност со одредбите на член 31, член 31-а и 31-б од Законот за здравственото осигурување, врз основа на уредно поднесено барање комлетирано со потребна документација.

Барањето од став 1 на овој член се поднесува во два идентични обрасци со еден прилог на потребната документација (докази) до подрачната служба на Фондот според местото на осигурување.

При приемот на барањето, лицето вработено во подрачната служба на Фондот, овластено за прием на барањата со потпис го потврдува приемот на вториот примерок од барањето, кој останува кај осигуреното лице, со втиснување на приемен штембил и назначување на денот и бројот на прилози кон барањето.

Член 42

Доколку Фондот не го донесе решението за остварување на право за лекување во странство или решението за остварување на право за лекување во приватна здравствена установа во Република Македонија односно не донесе решение за одбивање на барањето во законски утврдениот рок, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на законскиот рок за донесување на решението, да поднесе барање преку архивата на Фондот до директорот на Фондот за донесување на решението.

Кон барањето од став 1, барателот доставува и копија од барањето за остварување на право за лекување во странство.

Член 43

Обрасците за остварување на правата кои се предвидени со овој правилник, ги утврдува и пропишува Управниот одбор на Фондот.

VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 44

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство („Службен весник на Република Македонија" 105/2011 година и 151/2011 година).

Одуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странтсво (Службен весник на Република Македонија бр. 133/2011) донесена врз основа на член 39 од Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странтсво (Службен весник на Република Македонија бр. 105/2011, 151/2011) останува во важност и по влегување во сила на овој Правилник.

Член 45

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а се објавува по добивање на согласност од Министерот за здравство.

Бр. 02-2354/18
23 февруари 2012 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Елена Трпковска,** с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**1284.**

Врз основа на член 77 став (4), член 81 став (5), член 84 став (3), член 85 став (5), член 86 став (4), член 87 став (3), член 88 став (10), член 91 став (3) и член 93 став (3) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија” бр.113/07, 24/11 и 136/11), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА УВОЗ И ТРАНЗИТ, ЛИСТА НА ТРЕТИ ЗЕМЈИ ОД КОИ Е ОДОБРЕН УВОЗ И ТРАНЗИТ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ВЕТЕРИНАРНО-ЗДРАВСТВЕНИОТ СЕРТИФИКАТ ИЛИ ДРУГИ ДОКУМЕНТИ ШТО ЈА ПРИДРУЖУВААТ ПРАТКАТА СО ЖИВИ ЖИВОТНИ, АКВАКУЛТУРА И ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО, КАКО И НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА ВРШЕЊЕ НА ПРОВЕРКА И ПРЕГЛЕД ПРИ УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ПРАТКА СО ЖИВИ ЖИВОТНИ, АКВАКУЛТУРА И ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО**

Член 1

Во Правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија” бр. 53/10, 86/10, 144/10, 27/11, 66/11, 72/11, 84/11, 95/11, 114/11, 168/11, 185/11, 4/12 и 33/12), во член 134, по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) По исклучок на став (2) од овој член, ветеринарно-здравствениот сертификат за пратките со мед и производи од апикултура наменети за исхрана на луѓе, кои потекнуват од Кралството Холандија, треба да е изготвен согласно образецот ‘NL - H/ I’ кој е даден во Прилог VII Дел 14 и е составен дел на овој правилник”.

Член 2

Во Прилогот VI Дел 6Б, Листата на трети земји од кои се врши увоз на производи од месо и обработени желудници, мочни меури и црева, се заменува со нова Листа која е дадена во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 19-27/7
21 март 2012 година
Скопје

Директор,
**Дејан Рунтевски,** с.р.

**Прилог VI**
**Дел 6Б**

**Листа на трети земји од кои се врши увоз на производи од месо и обработени желудници, мочни меури и црева**
(види прилог VI дел 6Г за толкување на шифрите што се користат во табелата)

| ИСО код | Земја на потекло или дел од неа | 1. Домашно говедо 2. Диви чапункари одгледувани на фарма (освен свињи) | Домашни овци /кози | 1. Домашни свињи 2. Диви чапункари одгледувани на фарма (свињи) | Домашни копитари | 1. Живина 2. Пернат дивеч одгледуван на фарма (освен ноеви) | Ноеви одгледувани на фарма | Домашен зајак и фармски одгледани животни од фамилијата leporidae | Диви чапункари (освен свињи) | Диви свињи | Диви копитари | Диви животни од фамилијата leporidae (зајаци и куникули) | Диви птици | Диви сувоземни цицачи (со исклучок на копитари и животни од фамилијата leporidae) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| AR | Аргентина AR | C | C | C | A | A | A | A | C | C | XXX | A | D | XXX |
| | Аргентина AR-1 (1) | C | C | C | A | A | A | A | C | C | XXX | A | D | XXX |
| | Аргентина AR-2 (1) | A(2) | A(2) | C | A | A | A | A | C | C | XXX | A | D | XXX |
| AU | Австралија | A | A | A | A | D | D | A | A | A | XXX | A | D | A |
| BH | Бахреин | B | B | B | B | XXX | XXX | A | C | C | XXX | A | XXX | XXX |
| BA | Босна и Херцеговина | A(*) | XXX | A | XXX | D | XXX | XXX | XXX | XXX | XXX | XXX | XXX | XXX |
| BR | Бразил | XXX | XXX | XXX | A | D | D | A | XXX | XXX | XXX | A | D | XXX |
| | Бразил BR-1 | XXX | XXX | XXX | A | XXX | A | A | XXX | XXX | XXX | A | A | XXX |
| | Бразил BR-2 | C | C | C | A | D | D | A | C | XXX | XXX | A | D | XXX |
| | Бразил BR-3 | XXX | XXX | XXX | A | A | XXX | A | XXX | XXX | XXX | A | D | XXX |
| BW | Боцвана | B | B | B | B | XXX | A | A | B | B | A | A | XXX | XXX |
| BY | Белорусија | C | C | C | B | XXX | XXX | A | C | C | XXX | A | XXX | XXX |
| CA | Канада | A | A | A | A | A | A | A | A | A | XXX | A | A | A |
| CH | Швајцарија | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |
| CL | Чиле | A | A | A | A | A | A | A | B | B | XXX | A | A | XXX |
| CN | Кина | B | B | B | B | B | B | A | B | B | XXX | A | B | XXX |
| | Кина CN-1 | B | B | B | B | D | B | A | B | B | XXX | A | B | XXX |
| CO | Колумбија | B | B | B | B | XXX | A | A | B | B | XXX | A | XXX | XXX |
| ET | Етиопија | B | B | B | B | XXX | XXX | A | B | B | XXX | A | XXX | XXX |
| GL | Гренланд | XXX | XXX | XXX | XXX | XXX | XXX | A | XXX | XXX | XXX | A | A | A |
| HK | Хонгконг | B | B | B | B | D | D | A | B | B | XXX | A | XXX | XXX |

| ИСО код | Земја на потекло или дел од неа | 1. Домашно говедо 2. Диви чапункари одгледувани на фарма (освен свињи) | Домашни овци /кози | 1. Домашни свињи 2. Диви чапункари одгледувани на фарма (свињи) | Домашни копитари | 1. Живина 2. Пернат дивеч одгледуван на фарма (освен ноеви) | Ноеви одгледувани на фарма | Домашен зајак и фармски одгледани животни од фамилијата leporidae | Диви чапункари (освен свињи) | Диви свињи | Диви копитари | Диви животни од фамилијата leporidae (зајаци и куникули) | Диви птици | Диви сувоземни цицачи (со исклучок на копитари и животни од фамилијата leporidae) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| HR | Хрватска | A | A | A | A | A | A | A | A | D | XXX | A | A | XXX |
| IL | Израел | B | B | B | B | A | A | A | B | B | XXX | A | A | XXX |
| IN | Индија | B | B | B | B | XXX | XXX | A | B | B | XXX | A | XXX | XXX |
| IS | Исланд | A | A | B | A | A | A | A | A | B | XXX | A | A | XXX |
| KE | Кенија | B | B | B | B | XXX | XXX | A | B | B | XXX | A | XXX | XXX |
| KR | Јужна Кореја | XXX | XXX | XXX | XXX | D | D | A | XXX | XXX | XXX | A | D | XXX |
| MA | Мароко | B | B | B | B | XXX | XXX | A | B | B | XXX | A | XXX | XXX |
| ME | Црна Гора | A | A | A | A | D | D | A | D | D | XXX | A | XXX | XXX |
| MG | Мадагаскар | B | B | B | B | D | D | A | B | B | XXX | A | D | XXX |
| MU | Маврициус | B | B | B | B | XXX | XXX | A | B | B | XXX | A | XXX | XXX |
| MX | Мексико | A | D | D | A | D | D | A | D | D | XXX | A | D | XXX |
| MY | Малезија MY | XXX | XXX | XXX | XXX | XXX | XXX | XXX | XXX | XXX | XXX | XXX | XXX | XXX |
| | Малезија MY-1 | XXX | XXX | XXX | XXX | D | D | A | XXX | XXX | XXX | A | D | XXX |
| NA | Намибија ([1]) | B | B | B | B | D | A | A | B | B | A | A | D | XXX |
| NC | Нова Каледонија | A | XXX | XXX | XXX | XXX | XXX | XXX | A | XXX | XXX | XXX | XXX | XXX |
| NZ | Нов Зеланд | A | A | A | A | A | A | A | A | A | XXX | A | A | A |
| PY | Парагвај | C | C | C | B | XXX | XXX | A | C | C | XXX | A | XXX | XXX |
| RS | Србија | A | A | A | A | D | D | A | D | D | XXX | A | XXX | XXX |
| RU | Русија | C | C | C | B | A([3]) | XXX | A | C | C | XXX | A | XXX | A |
| SG | Сингапур | B | B | B | B | D | D | A | B | B | XXX | A | XXX | XXX |
| SZ | Свазиленд | B | B | B | B | XXX | XXX | A | B | B | A | A | XXX | XXX |
| TH | Тајланд | B | B | B | B | A | A | A | B | B | XXX | A | D | XXX |
| TN | Тунис | C | C | B | B | A | A | A | B | B | XXX | A | D | XXX |
| TR | Турција | XXX | XXX | XXX | XXX | D | D | A | XXX | XXX | XXX | A | D | XXX |
| UA | Украина | XXX | XXX | XXX | XXX | XXX | XXX | A | XXX | XXX | XXX | A | XXX | XXX |

| ИСО код | Земја на потекло или дел од неа | 1. Домашно говедо 2. Диви чапункари одгледувани на фарма (освен свињи) | Домашни овци /кози | 1. Домашни свињи 2. Диви чапункари одгледувани на фарма (свињи) | Домашни копитари | 1. Живина 2. Пернат дивеч одгледуван на фарма (освен ноеви) | Ноеви одгледувани на фарма | Домашен зајак и фармски одгледани животни од фамилијата leporidae | Диви чапункари (освен свињи) | Диви свињи | Диви копитари | Диви животни од фамилијата leporidae (зајаци и куникули) | Диви птици | Диви сувоземни цицачи (со исклучок на копитари и животни од фамилијата leporidae) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| US | Соединетите Американски Држави | A | A | A | A | A | A | A | A | A | XXX | A | A | XXX |
| UY | Уругвај | C | C | B | A | D | A | A | XXX | XXX | XXX | A | D | XXX |
| ZA | Јужноафриканска Република ([1]) | C | C | C | A | D | D | A | C | C | A | A | D | XXX |
| ZW | Зимбабве ([1]) | C | C | B | A | D | A | A | B | B | XXX | A | D | XXX |
| AT | Австрија | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |
| BE | Белгија | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |
| BG | Бугарија | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |
| DE | Германија | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |
| GR | Грција | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |
| DK | Данска | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |
| EE | Естонија | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |
| IT | Италија | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |
| IE | Ирска | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |
| CY | Кипар | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |
| LV | Латвија | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |
| LT | Литванија | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |
| LU | Луксембург | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |
| MT | Малта | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |
| UK | Обединето Кралство | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |
| PL | Полска | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |
| PT | Португалија | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |
| RO | Романија | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |
| SV | Словачка | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |
| SI | Словенија | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |

| ИСО код | Земја на потекло или дел од неа | 1. Домашно говедо 2. Диви чапункари одгледувани на фарма (освен свињи) | Домашни овци /кози | 1. Домашни свињи 2. Диви чапункари одгледувани на фарма (свињи) | Домашни копитари | 1. Живина 2. Пернат дивеч одгледуван на фарма (освен ноеви) | Ноеви одгледувани на фарма | Домашен зајак и фармски одгледани животни од фамилијата leporidae | Диви чапункари (освен свињи) | Диви свињи | Диви копитари | Диви животни од фамилијата leporidae (зајаци и куникули) | Диви птици | Диви сувоземни цицачи (со исклучок на копитари и животни од фамилијата leporidae) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| HU | Унгарија | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |
| FI | Финска | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |
| FR | Франција | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |
| NL | Холандија | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |
| CZ | Чешка | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |
| ES | Шпанија | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |
| SE | Шведска | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A | A |
| KV | Косово | A | A | D | A | D | D | A | D | D | XXX | A | XXX | XXX |

([1]) Види под В од Дел 6 од овој Прилог за минималните услови за обработка што важат за пастеризираните производи од месо и пастрма.
([2]) За производи од месо и обработени желудници, мочни меури и црева подготвени од свежо месо добиено од животни заклани по 1 март 2002 година.
([3]) Само за транзит во согласност со член 114 од овој Правилник.
(*) Само за производи од месо од домашни говеда.
XXX Не е пропишан сертификат и не се дозволени производи од месо и обработени желудници, мочни меури и црева што содржат месо од овие видови.

**Прилог VII**
**Дел 14**

Koninkrijk der Nederlanden

GEZONDHEIDSCERTIFICAAT
(veterinair certificaat)



| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Koninkrijk der Nederlanden Ministerie van Economische Zaken, Landbouw en Innovatie | Kingdom of the Netherlands Ministry of Economic Affairs, Agriculture and Innovation | Königreich der Niederlande Ministerium für Wirtschaft, Landwirtschaft und Innovation | Royaume des Pays-Bas Ministère des Affaires économiques, de l'Agriculture et de l'Innovation | Reino de los Países Bajos Ministerio de Economía, Agricultura e Innovación |
| Nederlandse Voedsel- en Warenautoriteit | Netherlands Food and Consumer Product Safety Authority | Niederländische Behörde für Ernährung und Produktsicherheit | Autorité néerlandaise de surveillance des produits alimentaires et non alimentaires | Autoridad holandesa de la seguridad Alimentaria y de los Productos de consumo |
| Gezondheidscertificaat | Health Certificate | Gesundheitsbescheinigung | Certificat Sanitaire | Certificado Sanitario |

ВЕТЕРИНАРНО ЗДРАВСТВЕН СЕРТИФИКАТ
Health Certificate

За мед и други пчелни производи наменети за исхрана на луѓето за увоз во Република Македонија (NL - H/ I)
For honey and other apiculture products intended for human consumption for dispatch to the Republic of Macedonia (NL - H/I)

I. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПРОИЗВОДИТЕ / IDENTIFICATION OF THE PRODUCTS

| Производ бр./ Product no. | Произод / Product | Видови (Научно име) / Species (Scientific name) | Земја на потекло / Country of origin | Одобрен број на објектот/ Approval no. |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

| Производ бр. / Product no. | Код на стоката (ХС код) / Commodity code (HS code) | ХС-опишување (ХС-4) / HS-description (HS-4) | Пакување / Packing | Вкупна нето тежина / Total nett weight | Вкупна бруто тежина / Total gross weight |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

| Производ бр. / Product no. | Температура на производот / Temperature of the product | Паменета употреба / Intended use |
|---|---|---|
| | | |

Ознаки / Marks :
Број контејнера / Container number :
Број печата / Seal number :

II. ПОТЕКЛО НА ПРОИЗВОДИТЕ / ORIGIN OF THE PRODUCTS

| Производ бр./ Product no. | Број на одобрение / Approval no. | Адреса / Address |
|---|---|---|
| | | |
| | | |

| Производ бр./ Product no. | Додатна одобрења / Additional approvals | Број на одобрение / Approval no. | Адреса / Address |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | Погон за преработка / manufacturing plant | | |
| | Ладилник / Cold store | | |

Адреса на извозник / Address of exporter :
Земја на потекло / Country of origin :
Датум експедирање на или околу / Date of shipment on or about :
Место на натовар / Place of loading :
Испраќање од / Dispatched from :

III. МЕСТО НА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДИТЕ / DESTINATION OF THE PRODUCTS

Средства за превоз / Means of conveyance :
Идентификација на средства за превоз / Identification of the means of conveyance :

Транзитна земја/држава / Transit country :
Подрачје на дестинација / Region of destination :
Држава на определување / Country of destination :
Граничен влез / Point of entry :
Место на определување / Place of destination :
Адреса на примач / Address consignee :

IV. **Потврда за здравствена исправност / Health attestation**

Јас, долупотпишаниот официјален ветеринар, изјавувам дека сум запознаен за релеватните одредби од Законот за ветеринарно јавно здравство (Службен весник на Република Македонија Бр. 114/2007) односно еквивалентните Регулативи (ЕЗ) Бр. 178/2002, (ЕЗ) Бр. 852/2004 и (ЕЗ) Бр. 853/2004 и потврдувам дека медот и пчелните производи опишани погоре се произведени во согласност со тие услови, поточно дека тие: /
I, the undersigned official veterinarian, declare that I am aware of the relevant provisions of Law on veterinary public health (Official journal of Republic of Macedonia No. 114/2007) and/or equivalent Regulations (EC) No 178/2002, (EC) No 852/2004 and (EC) No 853/2004 and certify that the honey and apiculture products described above were produced in accordance with those requirements, in particular that they

1 потекнува од објект(и) со имплементирана програма заснована на HACCP принципите во согласност со Законот за ветеринарно јавно здравство односно еквивалентната Регулатива (ЕК) Бр. 852/2004;/
it comes from (an) establishment(s) implementing a programme based on the HACCP principles in accordance with Law on veterinary public health and/or equivalent Regulation (EC) No 852/2004;

2 со нив е ракувано на соодветен начин, подготвувани се, пакувни и складирани на хигиенски начин во согласност со условите изнесени во Правилникот за санитарно хигиенските услови за производство на храна (Службен весник на Република Македонија Бр. 32/2006 и 35/2009) односно еквивалентниот Анекс II од Регулативата (ЕЗ) Бр. 852/2004/
have been handled and, where appropriate, prepared, packaged and stored in a hygienic manner in accordance with the requirements of the Book of Rules on sanitary hygiene conditions for food production(Official journal of Republic of Macedonia No.32/2006 and 35/2009) and/or equivalent for Annex II to Regulation (EC) No 852/2004
и/and

3 запазени се гаранциите кои ги покриваат живите животни како и производите од нив, кои се предвидени во планот за резидуи во согласност со Законот за ветеринарно јавно здравство односно еквивалентната Директива 96/23/ЕЗ, и посебно членот 29 /
the guarantees covering live animals and products thereof provided by the residue plans submitted in accordance with Law on veterinary public health and/or equivalent Directive 96/23/EC, and in particular Article 29 thereof, are fulfilled;

Gedaan te / Done at / Ausgefertigt in / Fait à / Hecho en
Op / On / Am / Le / El

VWA Waarmerk

Handtekening officiële dierenarts / Signature of the official veterinarian / Unterschrift des amtlicher Tierarzt / Signature du vétérinaire officiel / Firma veterinario oficial

Naam in hoofdletters / Name in capital letters / Name in Grossbuchstaben / Nom en lettres capitales / Nombre en letras capitales

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2012 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622

2012045